МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

# МЦМС е-Билтен

Февруари 2010

БРОЈ 102

# Граѓанските организации наскоро со нов закон



*Од втората расправа за ЗЗФ*

Во текот на февруари 2010 година се организираа две средби поврзани со предлог Законот за здруженија и фондации.

На првата, одржана на 5 февруари 2010 година Министерството за правда пред граѓанските организации ги презентираше новините и отвори јавна расправа за предлог-Законот за здруженија и фондации. Министерот Михајло Маневски истакна неколку клучни новини. Со предлог-Законот се подобрува слободата на здружување. Здруженијата може да ги основаат физички и правни лица, домашни и странски државјани, како и малолетни лица под определени услови за разлика од постоечкиот кога тоа право го имаа само полнолетни државјани на Република Македонија. Потоа, со новите решенија се овозможуваат активности за стекнување добивка, се подобрува организациска структура (поделба на функциите во организацијата на управни и извршни), се уредуваат статусните промени и се појаснуваат основите и постапките за престанок и забрана за работа. Една од новините за кои граѓанските организации беа посебно заинтересирани е воведувањето статус на организации од јавен интерес.

Сашо Клековски, Извршен директор на МЦМС и член на работната група, ја потенцираше заложбата на Министерството за правда во процесот на подготовка на законот. Според него, потребно е подобрување на некои одредби за целосно постигнување на целите и постигнување на највисоки меѓународни стандарди.

Ана Медарска од ФИООМ исто така член на работната група, се осврна и на неколку недостатоци за кои што смета дека е важно да се надминат. Според неа намалена е улогата на организациите како креатори на јавните политики, а дел од предложените решенија се ограничувачки за помалите организации. Дел од забелешките се однесуваа и на статусот од јавен интерес особено на критериумите и постапката за доделување на статусот.

Втората расправа, одржана на 16 февруари 2010 година, беше иницирана од МЦМС и требаше да биде заеднички придонес на граѓанските организации за подобрување на предлог-Законот. Организациите се договорија своите коментари да ги достават до МЦМС во вид на предлог амандмани, а потоа заеднички да се достават до Министерството за правда. МЦМС исто така подготви свое мислење и свои амандмани и истите ќе ги направи достапни до сите заинтересирани организации.

## Потребен е социјален и граѓански дијалог



*ЗКК треба да придонесе за унапредување на дијалогот*

На 25 февруари 2010 година, во хотелот Холидеј ин во Скопје, Заедничкиот консултативен комитет на граѓанското општество на Република Македонија и Европската Унија ја одржа својата втора средба.

ЗКК за граѓанско општество на ЕУ и РМ ја повика Владата на Република Македонија да поттикне клима на зајакната доверба во социјалните партнери и граѓанските организации во земјата.

Во воведниот дел, на присутните им се обратија Џелал Бајрами, министер за труд и социјална политика, Васко Наумовски, вице-премиер за европски прашања, Ерван Фуере шеф на Делегацијата на ЕУ во РМ и специјален претставник на ЕУ, како и двајцата со-претседатели, Владимира Дрбалова и Сашо Клековски.

Во вториот дел на средбата, министерот Бајрами зборуваше за моменталната состојба на РМ на патот кон ЕУ. Тој го потенцираше залагањето на Владата на РМ да обезбеди континуитет во реформските процеси, „особено во реализацијата на приоритетите од Партнерството за пристапување." На крај, министерот Бајрами уште еднаш нагласи дека овој комитет со својата работа треба да придонесе за унапредување и развој на социјалниот и граѓанскиот дијалог како што се практикува во повеќе европски земји помеѓу социјалните партнери.

Амбасадорот Фуере, зборувајќи на истата тема ги потенцираше клучните подрачја каде реформите треба да продолжат: завршување на прашањето со името на државата; ефективно спроведување на усвоените закони кои се од витално значење; независност на судството и елиминирање на сите форми на политичко влијание, борба против корупцијата итн. Во третиот дел од средбата беа презентирани извештаите за економските и социјалните права.

## Започнува „Мост"

Од 22 до 25 март 2010 година ќе биде реализирана првата од шесте разменски посети меѓу Македонија, Северна Ирска и пограничните подрачја на Република Ирска. Овие разменски посети се дел од проектот „Мост – граѓанско лидерство преку меѓународен дијалог", кој МЦМС ќе го спроведува во партнерство со Mediation Northern Ireland (МНИ), од Белфаст.



Гостите од Северна Ирска освен воведната средба во МЦМС, ќе имаат средби со Гордана Јанкуловска, министерка за внатрешни работи и Абдилаќим Адеми, вице премиерот задолжен за спроведување на Охридскиот договор, со Иџет Мемети, Народен правобранител на Република Македонија, со претставник на комисијата за спроведување на санкциите и со членови на Македонската академија на науките и уметностите поврзано со реформите во судскиот систем.

Тие ќе ја посетат и полициската станица во општина Карпош и полицискиот тренинг центар, а ќе имаат средба во Хелсиншкиот комитет за човекови права и во коалицијата Сите за фер и правично судење.

Во програмата се вклучени и посетите на подрачјето на конфликтот од 2001 година, на полициската станица во Јегуновце и Теарце и на заменикот Народен правобранител во Тетово. МОСТ е проект за учење и вмрежување и има цел да ги адресираа прашањата на сегрегација преку создавање и развој на меѓународни врски, размена на добри практики и зајакнување на локалните медијатори со меѓународно искуство. Проектот има три столба. МЦМС е вклучен во првиот – транснационална размена на добри практики.

**МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА**
ул. Никола Парапунов 66, 1000 Скопје
тел: +389 2 3065381 | факс: +389 2 3065298 | www.mcms.org.mk | mcms@mcms.org.mk